Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

Извадок на ден од дневни настани 24.02.2020

На 23.02.2020 во 20.50 часот, полициски службеници од СВР Скопје на бул. „Илинден" го лишиле од слобода М.М.(21) од Скопје затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 23.02.2020 во 15.20 часот, полициски службеници од СВР Скопје на Кеј „Димитар Влахов" го лишиле од слобода А.А.(27) од Скопје затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена црна гратчеста материја. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 23.02.2020 во 23.50 часот, полициски службеници од СВР Скопје на ул. „Алекса Демиревски" ги лишиле од слобода Г.Т.(18), К.Н.(19) и А.С.(20), сите од Скопје, затоа што при извршен преглед кај нив била пронајдена марихуана. По документирање на случајот против нив ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 24.02.2020 во 01.10 часот, полициски службеници од СВР Скопје на подрачјето на Гази Баба го лишиле од слобода Д.Т.(22) од Скопје затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 23.02.2020 во 22.20 часот, полициски службеници од СВР Скопје во с.Арачиново, скопско, го лишиле од слобода Ч.В.(24) од С.Лојане, општина Липково, затоа што при извршен преглед кај него бил пронајден пиштол „Десерт Игл" калибар 9 мм и една рамка со девет куршуми. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 23.02.2020 во 23.00 часот, полициски службеници од СВР Скопје на Кеј „Димитар Влахов" го лишиле од слобода С.А.(30) од Скопје затоа што кај него била пронајдена дигитална вага со остатоци од растителна материја. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 23.02.2020 во 16.15 часот на Граничен премин „Стенье", при извршена проверка на Гажи Баба го лишиле од слобода Д.Ш.(22) од Скопје затоа што се мерка да се лиши од слобода по наредба од Основен Суд Скопје-1 и да се спроведе до Казнено-поправната установа Затвор -Скопје. Тој бил предаден на полициски службеници од Полициската станица Ресен за понатамошна постапка.

Полициски службеници од СВР Битола за време на викендот (21/22/23.02.2020) извршиле контрола за алкохол, брзина, управување без возачка дозвола. Притоа, било констатирано дека 29 возачи биле под дејство на алкохол и тие биле исклучени од сообраќај, 13 возачи управувале возило без да поседуваат возачка дозвола, брзината ја надминале 10 возачи, 11 возила биле нерегистрирани, на мобилен разговаравле осум возачи, сигурноста појас не користеле девет возачи. За сите неправилности издадени се соодветни поднесоци.

Во текот на изминатите денови (21, 22 и 23.02.2020) на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Скопје преземени се мерки и активности при што од сообраќај се исклучени: еден возач затаа што управувал возило под дејство на алкохол, тет возачи затоа што управуваа возила без да се стекнат со право на управување на моторно возило и четири возила бидејќи биле нерегистрирани. Санкциониран е и еден возач поради поминување на крстосница на црвено светло и еден возач поради недавање превенство на минување на возила во зона на крстосница. Во текот на изминатите денови 119 возила се подигнати со специјално возило „лајак".

Во периодот од 22.00 часот на 22.02.2020 до 04.00 часот на 23.02.2020 на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Струмица била спроведена акциска контрола над возачи кои управуваат возила под дејство на алкохол. Притоа, било констатирано дека двајца возачи управуваше возило под дејство на алкохол и тие биле соодветно санкционирани.

На 23.02.2020 во 15.00 часот било пријавено дека на ул.„8-ми Септември" во Велес, мопед со велешки регистарски ознаки, управуван од А.К.(67) од Велес изгубил контрола и паднал на коловозот. Во незгодата, мотоциклистот се здобил со тешки телесни повреди по што бил пренесен во Општата болница Велес за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Велес.

На 23.02.2020 во 17.45 часот било пријавено дека на регионалниот пат Куманово-Граничен премин Пелинце, во с.Старо Нагоричане на место викано „Попчевци", патничко моторно возило „опел корса" со кумановски регистарски ознаки, управувано од Ч.С.(69) од Куманово, удрило во пешачот С.С.(23) од Куманово. Во незгодата пешачот се здобил со тешки телесни повреди, по што бил пренесен во Општата болница Куманово за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Куманово.

На 23.02.2020 во 17.20 часот било пријавено дека во с.Стар Караорман, штипско, се случила сообраќајна несрека помеѓу патничко моторно возило „питроен берлинго" со штипски регистарски ознаки, управувано од В.М.(69) од Штип и мопед „априлиа" со штипски регистарски ознаки, управуван од 15 годишна малолетничка од с.Таринци, општина Кавадарци. Во незгодата малолетничката се здобила со тешки телесни повреди и била пренесена во Клиничката болница Штип за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Штип.

На 24.02.2020 во 00.21 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул. „Ферид Бајрам" бил слушнати истрели од огнено оружје. Полициски службеници излегле на местото и било констатирано дека И.А.(29) и С.Р.(35), двајцата од Скопје, биле повредени од огнено оружје и биле оштетено патничко возило „ауди", сопственост на Е.С.(33) од Скопје. Повредените биле пренесени во болницата „Систина" за укажување медицинска помош. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 23.02.2020 во 18.00 часот во Полициската станица Аеродром, М.Д.(36) од Скопје пријавил дека на бул.„Јане Сандански" бил каснат од куче скитник во пределот на десната рака.

На 23.02.2020 околу 22.15 часот на улица „Страшо Пинџур" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода А.Б.(18) од Тетово затоа што при преглед кај него била пронајдена марихуана. Тој бил задржан во Полициската станица Тетово и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 23.02.2020 на крстосница на улиците „Киро Ристевски-Дриц" и „Љуботенска" во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово лишиле од слобода двајца 17-годишни малолетници од Тетово. При нивен и преглед на возило „мерцедес" со тетовски регистарски ознаки, кое било паркирано и во кое тие се наоѓале била пронајдена марихуана. Тие биле задржани во Полициската станица Тетово и по целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Во периодот од 22.00 часот на 22.02.2020 до 04.00 часот на 23.02.2020 СВР Штип спроведе засилена акциска контрола на возачи кои управуваат возила под дејство на алкохол. При контролата, кај 27 возачи било утврдено присуство на алкохол од кои: 11 Штип, пет во Кочани, двајца во Виница, еден Делчево, еден Берово и седум Свети Николе. Сите 27 возачи биле исклучени од сообраќај, одземени им се возачките дозволи и на сите им се издадени мандатни платни налози. Санкционирани се и 23 останати прекршоци.

На 23.02.2020 околу 19.00 часот на Граничен премин „Меѓународен Аеродром Скопје", полициски службеници го лишиле од слобода Д.Г.(37) од Словенија затоа што се однесувал агресивно и навредувал полициски службеници кои вршеле службени дејствија. Тој бил задржан во Полициското одделение Петровец и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 23.02.2020 во 12.00 часот во СВР Скопје, И.И.(37) од Скопје пријавил дека околу 11.25 часот на автобуска постојка на ул.„Димитрије Чуповски", додека извршувал работни задачи како контролор во ЈСП, по претходно недоразбирање, бил физички нападнат од В.П.(29) од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 23.02.2020 во 19.30 часот во СВР Скопје, И.К.(39) од с.Грешево, скопско, пријавил дека околу 16.15 часот во угостителски објект во Трговски центар Ченто на ул.„Мајари" бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 23.02.2020 во 14.15 часот во Полициската станица Прилеп било пријавено дека настанал пожар во С.Мажучиште, прилепско, во магацин сопственост на АД „Тутунски Комбинат Прилеп". Пожарот бил изгаснат од екипа на Територијалната противпожарна единица Прилеп, а бил опожарен дел од кровната конструкција од магацинот. Повредени лица нема, а увид на местото извршила екипа од Полициската станица Прилеп.
На 24.02.2020 околу 03.45 часот во Полициската станица Прилеп, В.Р.(43) од Прилеп пријавил дека во дворот од неговата куќа ул.„Ножот" настанал пожар во неговото товарно возило „мерцедес вито". Во 04.05 часот пожарот бил локализиран од екипа на Територијалната противпожарна единица Прилеп, а повредени лица нема. Увид извршила екипа од ПС Прилеп.

На 23.02.2020 во 16.20 часот во Полициската станица Струмица, Е.К.(28) од село Англци, струмичко, пријавила дека нејзиниот сопруг Т.К. излегол од дома и се уште не се вратил.
Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 24.02.2020 во 00.30 часот во Полициската станица Кичево, О.Ш.(26) од Кичево пријавил дека на улица „Партизански одреди" во Кичево бил каснат од куче скитник во пределот на рацете.

На 23.02.2020 во 18.00 часот во Полициската станица Кичево, Р.К.(39) од Кичево пријавил дека 16.00 часот во селото Пополжани бил каснат од куче скитник во пределот на десната нога.

СВР Штип поднесе кривична пријава против О.А.(38) од Штип поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „разбојништво". На 13.01.2020 во близина на џамија во Штип пријавеност физички го нападнал А.П.(36) од Штип при што му одзел пари.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Ф.Ш.(25) од с.Боговиње, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување со опасно орудие при тепачка или каранеца". На 04.02.2020, пријавениот со пиштол од вработена на Одделот на гинекологија ги побарал назад наплатените парични средства за хоспитализација за неговата сопруга, по што го напуштил местото.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Прилеп поднесе кривична пријава против С.А.(27) од Прилеп поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „предизвикување опасност". На 01.01.2020 на ул.„Славеј Планина", во куќата на Ц.Р., влегла пријавена - девојка на неговиот внук Д.К. и К.А.(27), по што започнале расправија со Д.К., по што С.А. истурила бензин низ просторијата и предизвикала пожар.

СВР Штип поднесе кривична пријава против С.Ѓ.(24) од Штип поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „проневера во службата". Во текот на јануари 2020, пријавениот во својство на службено лице - куриер во Завод претпријатие за комунално производи услужни работи „Исар"- Штип, во два наврати од јавното претпријатие присвоил парични средства во износ од 135.241 денари кои му биле доверени од службата за уплаќање во благајна и дневен пазар на сметка на ЈП „Исар" Штип.

СВР Штип поднесе кривична пријава против Д.П.(31) од Штип поради постоење основи на сомнение за сторени две кривични дела „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори" и „возможување употреба наркотична дрога". На 27.03.2018 полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот , при што пронашле марихуана, дигитална вага и амфетамини, а истиот ден пријавениот во неговиот дом и овозможил на уживател да ужива во марихуана.

СВР Штип поднесе кривична пријава против Г.И.(27) од Штип поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги , психотропни супстанции и прекурсори ". На 20.03.2019 во 21,30 часот пред казино на ул. „Тошо Арсов" во Штип полициски службеници извршиле контрола и преглед на патничко возило, при што кај пријавениот пронашле марихуана.

Секој упад и злоупотреба на веб-страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 e-поштa: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет